# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ДЕКЕМВРИ 2012 - БРОЈ 21

# *Среќни новогодишни и божиќни празници*



**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**
**0800-42222**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА**
**070/254-772**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

www.gazibaba.gov.mk




Градоначалникот Тони Трајковски на прес конференција ги презентираше реализираните активности и проекти во изминатите четири години, односно говореше накратко за она што со заеднички ангажман на членовите на советот и на граѓаните на општината е реализирано во периодот од 2009 до 2012 година, што претставува скоро целосна реализација на она што беше ветено во изборната програма 2009 година, а беа реализирани и голем број на проекти кои не беа дел од истата.

Накратко за активностите објавени во "Отчетно и транспарентно 2009 - 2012":

**Патна инфраструктура**
- санација и реконструкција на 40 км. улици
- асфалтирање на нови 17 км улици , а останатите се тампонирани со гребен асфалт

**Паркинзи**
- изградба на 13 нови паркинзи со површина од 10.000 м2 со капацитет за 1000 возила

**Тротоари и пристапни патеки**
- изградени се 15 км тротоари и пристапни патеки

**Фекална и атмосферска канализација**
- изградени се 22 км фекална и атмосферска канализација, а во тек е изградба на 12 км секундарна фекална канализација во н.м. Стајковци

**Водоводна мрежа**
- изградени се 6 км водоводна мрежа, а во тек е изградба на 5 км, во соработка со ЈП Водовод и канализација

**Заштита на животна средина и комунална хигиена**
- поделени се 5718 канти за отпад, во соработка со град Скопје
- организирано е собирање на комунален отпад во руралните средини, односно во 18 населени места во општината
- три години ангажираме во просек по 70 сезонски работници за одржување на хигиената и на зелените површини
- исчистена е каналска мрежа во должина од 46 км
- три години општината ги субвенционира граѓаните за плаќање на воден надомест, во висина од 9.300.000,00 денари кои се употребуваат за чистење и одржување на каналската мрежа, со што се избегнати поплавите при обилни врнежи

**Основни училишта**
- санација и подобрување на условите за одвивање на наставата во сите 11 основни и 4 подрачни училишта
- во завршна фаза е кредитот од Светска банка за изградба на основното училиште Григор Прличев, во висина од 1.400.000,00 денари
- Воведување на парно греење во основните училишта Кирил и Методиј во Стајковци и Страчинци и во основното училиште Наум Охридски во Булачани и Црешево.
- замана на кровна конструкција , изградба на спортска сала, замена на подови, а во основното училиште Крсте Мисирков, замена на 91 прозорец во соработка со УСАИД
- обновени се клупи , столчиња, катедри и табли во училиштата
- училиштето Вера Јоциќ е влезено во тесен избор за изградба на ново училиште, како донација од Кинеската Влада

**Градинки**
- После 27 години започна изградба на нова детска градинка
- се направи санација и реконструкција на сите објекти, а само 2011 година се направи санација на 3 објекти во соработка со Светската Банка и средства во висина од 250.000,00 денари.

**Социјална заштита**
- четири години се спроведува проектот за нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови
- се воведоа патролни социјални работници
- направивме санација на објекти во центрите за деца со посебни потреби во н. Железара и дневен центар за деца од улица
- во тек е постапка за отпочнување на изградба на шелтер центар за згрижување на лица-жртви од семејно насилство, во соработка со Министерството за труд и социјална политика
- даваме помош за самохрани родители и деца без родители
- го реализираме проектот за инклузија на децата од ромската националност
- отворивме советовалиште за социјално загрозени семејства
- постојана соработка со здружението на пензионери
- соработка со НВО и одделението за превенција во проекти за превентивно делување за спречување на девијантни појави

**Детски забавни катчиња**
- изградба на 31 детско игралиште со поставување на реквизити и урбана

опрема

Спорт и спортски објекти
- изградба на нови 14 спортски објекти
- изградба на 2 фудбалски стадиони
- изградба на една училишна спортска сала
- изградба на 5 мултифункционални игралишта
- изградба на 6 игралишта за баскет
- во постапка е изградба на тениско игралиште
- во 2010 година општина Гази Баба од спортските работници беше прогласена за најспортска општина

**Улично осветление**
- започнуваме активности за замена на 5660 светилки од уличното осветление со нови штедливи светилки, со кои ќе заштедиме 35% електрична енергија и 50 % средства за одржување
- изградба на 13 ниви линии, во должина од 4 км

**Сообраќај**
- воведени нови и продолжени постоечки автобуски линии
- изработен основен сообраќаен проект за режим во сообраќајот
- поставување на семафори
- изработка на проект за сообраќајно техничко решение за улиците од општината

**Урбанистички планови**
- се работи на изготвување на 35 урбанистички планови, кои најголем дел се усвоени, а останатите ќе бидат усвоени до крајот на годината
- 31000 предмети се процесоирани во Секторот за урбанизам
- поднесени се вкупно 15597 барања за легализација на дивоградби, на кои работат 8 комисии во кои се вклучени 30 лица вработени во општинската администрација. До крајот на 2012 година ќе бидат донесени вкупно 1200 решенија за легализација на дивоградби

**Усвоени стратегии и студии**
- стратегија за ЛЕР
- подстратегија за рурален развој
- стратегија за управување со ризици
- дигитализација на архивата
- студија за ЈПП за општинска зграда
- во постапка е студија за Културните домови
- студија за енергетска ефикасност
- воведување на ИСО стандард во работењето на општинската администрација
- воведување на ГИС систем

**Проекти**
- Биди волонтер
- отварање на центар за НВО и млади
- финансиска поддршка на старт ап фирми

**Култура**
- организирање на голем број на културни манифестации, традиционални и нови - "Големата Мајка", која ќе се одржува во археолошкиот локалитет Тумба Маџари, "Во чест на Кирил и Методиј" која ќе се одржува во Стајковци
- изградба на плоштад во Автокоманда, на кој е поставено спомен обележјето Филип ИИ и е изградена фонтана
- правиме постојана промоција на културното богатство, традицијата и историјата на општина Гази Баба, а посебен акцент даваме на промоција на Археолошкиот локалитет Тумба Маџари

**Месни и Урбани заедници**
- имаме вработено 8 секретари кои имаат канцеларии во населените места, да бидат поблиску до граѓаните
- за подобра комуникација со граѓаните воведовме бесплатна телефонска линија 0800-4-2222
- пријавување на проблеми преку смс пораки на телефонот 070/254-772
- на веб страната е-општина, опција пријави проблем
- издавање на весник на општината
- едношалтерски систем
- отворен ден за граѓаните
- редовни посети во населените места

Отчетот можете да го најдете на веб страната на општината **http://www.gazibaba.gov.mk**.



## Новата градинка го доби своето име „Морковче“

На седница на Совет на општина Гази Баба, членовите на советот донесоа Одлука за именување на новата градинка, која се гради во дворот на основното училиште "Његош" во Колонија, а е во склоп на Јавната детска установа "25 Мај".



Новата градинка го доби името ""Морковче", по градинарското растение кое се одгледува и е препознатливо за овој крај на општината и градот Скопје.









# Се гради нова градинка во Гази Баба

Во населеното место Колонија (до ОУ Његош) претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски со поставување на камен темелник официјално го означија почетокот на градежните работи за изградба на детска градинка, дел од Јавната детска установа "25 Мај".

Објект се протега на површина од 600 м², а капацитетот ќе биде за 60 деца. Средствата за изградба на објектот се обезбедени од буџетот на општина Гази Баба, во висина од 21.300.000,00 денари, а Владата на РМ и Министерството за труд и социјална политика ќе инвестираат 5.000.000,00 денари за комплетно внатрешно уредување на градинката. Градинката треба да биде завршена до крајот на месец Март 2013 година.

# Форуми на заедницата

Во рамките на програмата "Форуми на заедницата" на петтата сесија се изврши финално гласање за избор на најуспешниот предлог проект на ниво на Гази Баба.

На форумската сесија беше презентирана кратка ретроспектива од изминатите 4 форумски сесии, потсетување за проектите, критериумите и условите кои беа потребни за учество во проектот, потребната документација, улогата на Програмскиот Одбор, како и за процесот на гласање.

Мотото на овој форум е "граѓаните одлучуваат" кое се согледува од соработката на општината Гази Баба и Агенцијата за развој и соработка кои го вреднуваат мислењето на граѓаните, нивните потреби и приоритети и најважно од се, нивната реализација.

Во потесен избор на последната форумска сесија влегоа проектите "Безбеден пристап до училиштата" и "Фекална канализација - Улица Лазар Поп Трајков" во Автокоманда кои беа поддржани и технички одобрени.



По извршеното формално гласање, предлог проектот "Безбеден пристап до училиштата" доби најголема поддршка. Во рамките на овој проект влегуваат следниве пет училишта:

- "Кирил и Методиј" од н.м. Стајковци
- подрачното училиште во н.м. Страчинци
- "Крсте Мисирков" од н. Ченто
- "Наум Охридски" од н.м. Булачани
- "Наум Наумовски Борче" од н. Маџари и
- "Дане Крапчев" од н. Ченто.

Со реализација на овој проект ќе се овозможи подобар и побезбеден пристап до училиштата со тоа што ќе има подобрено осветлување, поставување тротоари на соодветни места, поставување и репарација на училишните огради, чиј бенефит би го почувствувале најмногу децата, вработените во училиштата и родителите.

За реализација на Проектот општина Гази Баба и Швајцарската агенција за развој и соработка ќе учествуваат со по 2.400.000,00 денари. На форумската сесија беше присутен и директорот на организацијата за развој и соработка Зоран Стојковски, кој се обрати пред присутните и изрази големо задоволство од успешната севкупна организација на општината за форумските сесии.

На крај на оваа сесија, се обрати градоначалникот Тони Трајковски, изразувајќи благодарност кон Агенцијата за развој и соработка, кон ЦИРА како и за активното учество и вклученост на граѓаните од урбаните и месните заедници и бизнис секторот на овие форуми.

# Донесен Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година



Членовите на Советот на Општина Гази Баба на педесет и четвртата седница ги донесоа Програмите за работа и Буџетот за 2013 година, кој изнесува 905.614.000,00 денари.

Основниот Буџет, наменет за финансирање на основните активности на општината, изнесува 404.530.000,00 денари; Буџетот на донации изнесува 6.500.000,00 денари; Буџетот на блок дотации за финансирање на основните училишта и детските градинки, изнесува 342.000.000,00 денари.

Од планираните средства на основниот Буџет на општината, најголемиот дел е планиран за финансирање на активностите од областа на урбанизмот и комуналната инфраструктура - водоводи, канализација, пречистителни станици, улици и патишта, улично осветлување, зимско одржување на улиците, јавна чистота и одржување на паркови и зеленила, заштита на животната средина и природата, културни манифестации и творештво, за спорт и рекреација. Зголемениот Буџет за 13 проценти во споредба со минатата година се должи на финансиските средства, кои општина Гази Баба ќе ги земе како заем од Светската банка преку Министерство за финансии по проектите за финансирање на локалната самоуправа, за изградба на нова училишна зграда на местото на постоечките бараки на основното училиште "Григор Прличев" во Железара.





# *Гази Баба и оваа година ќе ги субвенционира граѓаните*

Општина Гази Баба продолжува со практиката од 2010 година да помага на индивидуалните физички лица - водокорисници, со тоа што на седницата на Советот на општината одржана на 21.12.2012 година, донесе Одлука за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници (сопственици / корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште) на подрачјето на општината.

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - водокорисници. Надоместот по хектар изнесува 2400 денари, што значи вкупниот надомест, кој општината треба да го исплати на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, изнесува 3,882,672,00 денари со вклучен ДДВ.

Превземената обврска за плаќање се однесува за 2013 година.

Надоместокот ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општина Гази Баба, од страна на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, со цел спречување на евентуални поплави на замјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.



## Есенска дератизација

Општина Гази Баба, во координација со останатите општини и градот Скопје, направи есенска дератизација на шахтите на своето подрачје.

Цел на дератизацијата е уништување на глодарите (глувците), а со истата се опфатија околу 2500 шахти. Дератизацијата се вршеше со парафински блок Бромахен, а ја изведуваше Ветеринарна болница Скопје во соработка со Ј.П. Водовод и Канализација.





Општина Гази Баба редовно врши дератизација двапати во годината.

## Миење на улиците во Гази Баба

За подобрување на хигиената на сообраќајниците во населбите, општина Гази Баба организираше миење на улиците кои се во нејзина надлежност (сервисни и стамбени).

Миењето се вршеше во населбите Железара, Автокоманда, Хиподром, Маџари 1, Ченто и Триангла.

# Изградба на примарен фекален колектор за населеното место Стајковци





Во н.м. Стајковци, Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, Министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски присуствуваа на отпочнување на работите за изградба на примарен фекален колектор за населеното место Стајковци, односно за околу 5500 жители.





Примарниот фекален колектор, во должина од 3,7 км се изгради со средства кои општина Гази Баба ги доби од кредитот на Владата на Република Македонија за изградба на фекални канализации, обезбедени од Европска Инвестициона Банка и чини 260.000 евра.

Во тек е поставување на секундарната канализациона мрежа и изведба на приклучоци за домаќинствата.





# *Замена на светилките од уличното осветление со штедливи*

Согласно Програмата за зголемување на енергетската ефикасност во заштеда на електричната енергија, која ја изготви општината, помеѓу градоначалникот Тони Трајковски и генералниот директор на фирмата Минал Шредер, Братислав Вучковиќ, беше потпишан Договор за замена на живините светилки на уличното осветление, со натриумови.

Заменети се 5661 светилка на подрачјето на општината, со што се очекува заштеда на електрична енергија од околу 35% и заштеда во делот на одржувањето на уличното осветлување, од најмалку 50%.

Фирмата Минал Шредер заедно настапува со фирмата Електроизградба, кои вршат демонтирање на старите светилки и монтирање на новите.




# Замена на прозорци во основното училиште "Крсте Мисирков"

Во основното училиште "Крсте Мисирков" се организираше свеченост по повод поставувањето на новите прозорци, донација на УСАИД, Европската команда на Американската војска и општина Гази Баба.

Проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција во образованието помага да се подобрат условите за работа во училиштата, а со тоа се подобрува и квалитетот на реализација на наставата. Градоначалникот Тони Трајковски, потполковникот Борис Гершман од Европската Команда на Американската војска и директорката на училиштето, Јагода Поповска, со сечење на лента го одбележаа завршувањето на реновирање на училиштето и се обратија пред присутните гости, изразувајќи задоволство од успешно завршената работа и можност за понатамошна соработка.

Во знак на благодарност градоначалникот Тони Трајковски им додели Плакети на Г-динот Борис Гершман и претставниците на УСАИД.

Во училиштето се заменија 86 прозорци во 23 училници, а вредноста на Проектот изнесува околу 1.700.000,00 денари, од кои 310.000,00 денари се учество на општина Гази Баба.



# *Пуштање на парно греење во основното училиште во Страчинци*

Општина Гази Баба продолжува со своите активности за подобрување на условите во основните училишта, со што се овозможува поквалитетно одвивање на наставата.

Градоначалникот Тони Трајковски, министерот за образование и наука, Панче Кралев и заменик министерот Сафет Незири, свечено го пуштија во употреба новото парно греење во основното училиште "Кирил и Методиј", подрачно училиште во Страчинци, каде учат 130 ученици и кое досега се затоплуваше со ќумбиња на дрва. Покрај поставувањето на новиот систем на парно греење, во училиштето се санираа санитарните јазли, се вароса училиштето, се поставија нови реквизити во детското игралиште, се постави кош на игралиштето за баскет и се обнови оградата на фудбалското игралиште.

За овие активности општина Гази Баба од својот буџет издвои средства во висина од 1.400.000,00 денари.



## Тротоар по улицата Жегљане

Во рамките на посетите на Градоначалникот Тони Трајковски со дел од оп-



штинската администрација по градежните објекти во населените места, на улицата Жегљане во н. Ченто присуствуваше на првата фаза на изградба на тротоар, кој се прави од павер елементи.

Патеката е во должина од 450 м, а за нејзина изградба општината издвои финансиски средства во висина од 1.150.000,00 денари.

Работите ги изведуваше фирмата Пелагонија од Гостивар.





## Обележување на општинските улици во Гази Баба

Општина Гази Баба ги обележваше сервисните и собирните улици на својата територија.

Обележувањето се спроведе врз основа на Основен сообраќаен проект, кој за оваа намена го изработи општината.



-----------------------------

## Паркинзи и тротоари во Хиподром

Градоначалникот Тони Трајковски имаше работни посети и обиколки на терен по населените места, каде што се отпочнуваа, беа во тек или се завршени градежни активности.

Во населбата Хиподром на улицата "Париска Комуна" беа изградени паркинг простор и тротоар со павер елементи, во површина од 1200 м², а помеѓу улиците "Париска Комуна" и "Пехчевска" се направи пешчка патека исто така од павер елементи, во должина од 190 м.

На улицата "Никола Киров Мајски" кај зградата број 113, во тек е изградба на нов паркинг простор со павер елементи со површина од 1000 м², покрај кој ќе се прави детско забавно игралиште и пристапна патека, која ќе има излез на улицата "Благоја Стефковски". Општината за оваа активност издвои средства во висина од 2.000.000,00 денари. Работите ќе ги изведува фирмата Адра.

# Легализирани 900 бесправно изградени објекти







Градоначалникот Тони Трајковски до сега додели околу 900 Решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица.

На подрачјето на општина Гази Баба има поднесено околу 16000 барања за легализација на бесправно изградени објекти.

Десет тима за легализација, составени од вработени во општината, секојдневно се на терен постапувајќи по барањата на граѓаните, како и дополнително ангажирани 10 волонетри кои подготвуваат записници за прекин на постапката, се со цел граѓаните во најкраток можен рок да ги легализираат бесправно изградените објекти.



# Зимско одржување

Со паѓањето на првиот снег оваа година, фирмите ангажирани за зимско





одржување на улиците низ општина Гази Баба, постојано интервенираа со механизација опремена со союларки и плуг, кои посипуваа сол и ризла и ги чистеа улиците.

Интервенции се правеа на улиците низ населените места Стајковци, Цршево, Виниче, Смилковци, Булачани, Страчинци, Брњарци, Раштак и во градскиот дел на повисоките места во Железара и Чento, со што сообраќајот низ поголемиот дел на општината непречено се одвиваше.

# Градоначалникот на терен со министерот без ресор, Неждет Нустафа





Градоначалникот Тони Трајковски имаше работна средба со министерот без ресор Неждет Мустафа, по што го посетија ромското маало во н. Чento, каде што се поставува павер елементи на крак на улицата Маџари. Улицата е во должина од 140 м, а во средина ќе се постави каналета, која ќе служи за собирање на атмосферските води.



# *Тампонирање на улици низ Гази Баба*

Во населените места во општина Гази Баба се тампонираа улици со гребен асфалт. Акцијата се одвиваше во сите населени места каде што беше неопходно, а се истампонираа улици во должина од 10.000 метри.





## Поставување на атмосферска канализација во Чento

На улицата "Христофер Жефаровиќ" во н. Чento, општина Гази Баба постави атмосферска канализација, во должина од 150 м.





## Асфалтирање и крпење на на улица во Инџиково

Во населеното место Инџиково се афалтираше улицата број 14, во должина од 390 м и широчина од 4 м. Изведувачи на работите се фирмите Изолација и Техноградба Инжинеринг. За асфалтирање на улицата општина Гази Баба потроши 2.150.000,00 денари.

Исто така во урбаната заедница "Питу Гули" во Инџиково, ЈП Улици и патишта ги крпеа ударните дупки.



## Асфалтирање на улица и плато во Црешево

Во населеното место Црешево се прошири и се асфалтира плато на последната автобуска постојка, со вкупна површина од 300 м2, а од последната автобуска постојка до амбулантата и поштата се изасфалтира патот во должина од 150 м.

На постоечкиот пат, пред асфалтирањето се изработи и цеваст пропуст за атмосферската вода.

Работите ги изведуваше фирмата Жикол, а за оваа активност Општина Гази Баба од својот буџет издвои 900.000,00 денари.





# *Пуштен реконструираниот дел од улицата Благоја Стефковски*

Градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски и Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски во месец септември официјално го отворија за сообраќај проширениот и реконструиран дел од улицата Благоја Стефковски, кај крстосницата со кракот на улицата Перо Наков, во должина од 220 метри.

Овој проект е резултат на добрата соработка на општината Гази Баба со Градот Скопје, кој што во голема мера придонесе за решавање на сообраќајните проблеми во нашата општина.

Тесното сообраќајно грло на кое што со години се создаваа колони возила подолги и од километар, сега е проширено во должина од 220 метри. Проширувањето е изведено по левата страна на улицата, гледано во насока кон Маџари, при што оваа сообраќајница доби три коловозни ленти. Асфалтирана е површина од 880 м².

По должината на проширената улица се изградени тротоар и велосипедска патека, со променлива широчина до 2,5 метри. Тротоарот е покриен со павер елементи на површина од 470 м².

Работите ги изведуваше ЈП "Улици и патишта", а Градот Скопје во овој зафат вложи околу 8 (осум) милиони денари. Реконструкцијата на оваа делница од улицата Благоја Стефковски е само фаза од проектот за целосна реконструкција на оваа значајна сообраќајница. Во текот на градежните работи на овој дел од улицата Благоја Стефковски постојната атмосферска канализација беше приспособена, односно беа поместени 4 сливници.



# Уреден просторот на почетна автобуска постојка во Инџиково

Општина Гази Баба во соработка со градот Скопје го уредија просторот на почетната автобуска постојка на бројот 65 во н. Инџиково, со вкупна површина од 1150 м².

Тампонирањето го направи Општина Гази Баба, а асфалтирањето Градот Скопје. Работите ги изведуваа фирмите Адра и ЈП Улици и Патишта.

Исто така општината со гребен асфалт ги истампонира и улиците на потегот околу почетната автобуска постојка.





# Градоначалникот Тони Трајковски на средба со претседателот Ѓорѓе Иванов

Градоначалникот Тони Трајковски, министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски и помошникот на постојаниот претставник на УНДП во Македонија, Весна Цутеска Бишева, остварија средба со претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов.





Целта на средбата беше промовирање на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012 - 2015 и активностите кои ги превземаат Министерството за труд и социјална политика и општина Гази Баба за спречување и заштитата од семејно насилство.

Претседателот Ѓорѓи Иванов во разговорот со градоначалникот и министерот ја даде целосната подршка на активностите во оваа насока.

Градоначалникот Тони Трајковски во изјавата за новинарите ја истакна досегашната одлична соработка со Министерството за труд и социјална политика во реализација на голем број заеднички проекти, како што е и изградбата на шелтер центарот за згрижување на лица жртви од семејно насилство, кој се гради на подрачјето на општината со подршка на УНДП.

## *Положени цвеќиња во чест на паднатите борци за слободата на Скопје*





По повод 13-ти ноември, Денот на ослободување на градот Скопје, Градоначалникот Тони Трајковски со делегација од Општина Гази Баба, положи цвеќе на партизанските гробишта "Бутел", на споменикот на генералот Михајло Апостолски и на споменикот на ослободителите, на платото пред Владата на Република Македонија.









## Детско и кошаркарско игралиште, патеки и паркинзи во Автокоманда

Градоначалникот Тони Трајковски, со дел од општинската администрација направија работна обиколка во н. Автокоманда, каде го посетија изграденото детско и кошаркарско игралиште на ул. "16 македонска бригада" и каде што се направени патеки



и паркинг од павер елементи.

Во дворот на основното училиште "Стив Наумов" се изгради паркинг простор со павер елементи со вкупна површина од 1100 м² и има капацитет за 62 возила.







# Отворен нов парк во Триангла

Градоначалникот Тони Трајковски заедно со граѓаните од урбаната заедница Триангла, го пуштија во употреба новиот спортско забавен парк.

Во состав на овој простор има изградено игралиште за баскет, детско забавно катче со реквизити - клацкалки, лулашки, лизгалка, направени се патеки од павер елементи кои можат да се користат и како ролерски патеки и посебно место каде граѓаните за бадник можат да се собираат и да палат оган.

Паркот е уреден хортикултурно и поставена е урбана опрема - клупи и канти за отпадоци.

Изведувачи се фирмите Чингар, Енергомонт и МЗТ ИРИ.

За оваа активност општината од својот буџет издвои средства во висина од 2,5 милиони денари.

## *Ново кошаркарско и детско игралиште во Маџари 2*




Во УЗ Маџари 2 покрај патот кон стрелиштето Камник, општина Гази Баба изгради игралиште за баскет кое е оградено и детско забавно катче со реквизити, покрај кои се направени патеки од павер елементи и е поставена урбана опрема, а наскоро и ќе се осветли.

Работите ги изведуваа фирмите МЗТ ИРИ и АДРА, а за оваа активност општината од Буџетот издвои средства во висина од 1,2 милиони денари.

Градоначалникот Тони Трајковски имаше средба со жителите од ова населено место, каде што поразговараа за потребите, проблемите и можните решенија во областа на инфраструктурните зафати.



# Работна средба за спречување на бесправното сечење на дрва

Поради бесправното сечење на дрва во регионот на Скопска Црна Гора, градоначалникот Тони Трајковски одржа работна средба со претставници од месните заедници Смилковци, Viniче, Црешево, Брњарци, Булачани и Раштак, на која присуствуваа заменик командирот на Шумската полиција, Жаклина Каранфиловска, помошник директорот на Македонски шуми, Игор Лазаревски и претставникот од V-та полициска станица Гази Баба, Мики Стоилковски.

Претставниците од месните заедници ги искажаа проблемите кои ги имаат поради бесправното сечење на дрва од нивните атари и побараа и шумската полиција и полицијата да имаат позасилена контрола во текот на целиот ден, а од Македонски шуми, побараа шумочуварите да бидат поредовни и поактивни на терен.

Претставниците од надлежните институции им ја објаснија постапката на граѓаните што да превземат, доколку откријат сторител на нелегално сечење на дрва, а и доколку нема сторител, а откриле дека е извршено сечење на дрва.

Од работната средба се донесе заклучок за засилена контрола во овој регион од сите релевантни чинители, за спречување на нелегалното сечење на дрва, со што би се заштитиле шумите во регионот на Скопска Црна Гора, кои од година во година се помалку ги има.



## Ново мултифункционално игралиште во Ченто

Во населбата Ченто (кај три куќи), градоначалникот Тони Трајковски заедно со жителите од ова населено место го пушти во употреба мултифункционалното спортско игралиште, кое опфаќа - игралиште за баскет, игралиште за мал фудбал и детско забавно игралиште со реквизити.

Овој спортски објект е уреден со клупи за одмор, патеки од павер елементи и тревната површина. Во изградбата на овој спортски објект учествуваа фирмите Адра и МЗТ ИРИ, а за неговата изградба општина Гази Баба од буџетот издвои финансиски средства во висина од 1.800.000,00 денари.

## Отворен ден за граѓаните од Гази Баба

Градоначалникот Тони Трајковски секој месец има отворен ден за граѓаните кој помина со максимална посетеност. За да може да помогне на што поголем број на граѓани, во приемните денови тој прима на разговор по околу триесетина граѓани, ги слуша нивните потреби и проблеми и разговара за нивни можни разрешувања.

Граѓаните најповеќе бараат вработувања за себе или за своите најблиски, бараат разрешување на проблеми произлезени во процесот на легализацијата на нивните објекти и поставуваат прашања околу комуналните и имотно-правните проблеми. Постојаната комуникација на градоначалникот со граѓаните е вообичаена пракса, како во термините определени како "отворен ден", така и преку целата работна недела, со претходно закажување на средбите.




## Посета на детска клиника

Во рамките на "Деновите на општина Гази Баба", по повод Денот на општината, Градоначалникот Тони Трајковски и претседателот на Советот, Милан Андоновски, имаа работна средба со директорката на Клиниката за детски болести, Д-р Аспасија Софи-





јанова, по која го посетија Одделот за неврологија и донираа пакет со играчки и медицински кревет за прегледи на дечињата.

Исто така, оваа година Градоначалникот на овој Оддел донираше шкафови и плакари за сите соби и се постави автоматско отварање и затварање на влезната врата, со поставување на домофон.

Во донацијата се вклучи и фирмата Виталија, која за сите кревети во собите, донираше постелнина.





# "Различни а еднакви"

Оваа манифестација се одржува по шестипат во чест на Меѓународниот Ден на лицата со хендикеп - 3 - ти декември.

На оваа манифестација награди добиваат лица со хендикеп кои што покажале видни резултати во одредена област и постигнале успеси во и надвор од нашата држава.

Наградите се доделуваат и за институции и поединци кои даваат поддршка на оваа манифестација и на активности на лицата со хендикеп.

Градоначалникот Тони Трајковски доби признание за посебен придонес и заложби за активно вклучување на инвалидните лица во општеството.

Во обраќањето, градоначалникот истакна дека оваа награда е поттик општина Гази Баба да продолжи со поголем елан да помага на лицата со хендикеп, да учествуваме во заеднички проекти во кои се тие опфатени и како и досега и понатаму ќе продолжиме да се залагаме лицата со хендикеп да бидат вклучени во сите сфери на општественото живеење.

Во музичкиот дел настапуваа деца со оштетен вид, слух или друг хендикеп и познати музички звезди.











## *Се отвори Центар за НВО и млади во Гази Баба*

Во просториите на урбаната заедница Железара, градоначалникот Тони Трајковски и претставникот од невладината организација Млади Инфо потпишаа договор за соработка, со што и официјално започна со работа Центар за НВО и млади. Во Центарот има канцеларии каде ке се одвиваат активностите на невладините организации, сала за состаноци, која може да ја користат за средби и состаноци и кои се комплетно опремени со мебел и компјутери.





# Работна средба со земјоделците





Градоначалникот Тони Трајковски, заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Зоран Коњановски и претставници од подрачното одделение за земјоделие Гази Баба, имаа работна средба со земјоделците од населените места Трубарево и Стајковци и со Земјоделските здруженија "Кавараџик" и "Зелена долина".

Заменик министерот ги информираше присутните за измените во Законот за земјоделие и разговараше со земјоделците за проблемите со кои се среќаваат за време на нивното работење.



## Подвижни канцеларии на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Во врска со реализацијата на проектот "Подвижни канцеларии на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" подвижната канцеларија на Подрачната единица Гази Баба прави посета на населените места каде земјоделците можат да се информираат за новата програма за субвенциите за 2013 година, Јавните огласи за Ипард и Рурален развој и Јавните огласи за слободно државно земјоделско земјиште.

Воедно, се организираат трибини на кои се објаснува процедурата за легализација на земјоделските објекти, изградени на земјоделско земјиште и можноста за легализација на земјоделската механизација.

Средбите се реализираат согласно предвидената агенда од страна на претставници од Подрачната единица Гази Баба при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, секој работен ден од 09:00 до 16:00 часот, со следниот распоред:

- Раштак - 13 и 14 декември 2012 год.
- Булачани - 17, 18 и 19 декември 2012 год.
- Цршево - 20, 21 и 24 декември 2012 год.
- Стајковци - 25, 26 и 27 декември 2012 год.
- Смилковци - 28 и 29 декември 2012 и 2 јануари 2013 год.
- Страчинци - 3, 4 и 5 јануари 2013 год.
- Виниче - 8 и 9 јануари 2013 год.
- Брњарци - 10 и 11 јануари 2013 год.
- Инџиково - 14, 15 и 16 јануари 2013 год.
- Трубарево - 17 и 18 јануари 2013 год.
- Јурумлери - 21, 22 и 23 јануари 2013 год.
- Идризово - 24 и 25 јануари 2013 год.
- Гоце Делчев - 28 и 29 јануари 2013 год.
- Сингелиќ - 30 и 31 јануари 2013 год.

# Општина Гази Баба го просл

Со свечена седница на Советот на општината, која се одржа во општина Гази Баба и свечената Академија која се одржа во Младинскиот Културен Центар, општина Гази Баба го одбележа својот 36- ти роденден.

Свечената седница ја отвори претседателот на Советот Милан Андоновски, а свое об-



















раќање пред членовите на советот имаше градоначалникот Тони Трајковски.

На свечената Академија за активностите во изминатата година зборуваше градоначалникот Тони Трајковски, по што беа доделени наградите "Големата Мајка", која од оваа година традиционално се доделува за соработка, афирмација на општината, хуманост, врвни резултати постигнати во својата област. Наградата се состои од плакета, сататуетка Големата Мајка и парична награда од 6.000,00 ден.

Претседателот на Одборот за доделување на наградата "Големата Мајка", Ацо Петрушев ги додели наградите во следните области:

- во областа култура, наградата ја доби Санде Стојчевски, истакнат македонски писател и поет.
- во областа на уметноста, наградата ја доби Петре Наневски, истакнат уметник и ликовен педагог
- во областа на науката, наградата ја доби М-р Славчо Ковилоски, надворешен советник на Институтот за македонска литература

Претседателот на Совет, Милан Андоновски ги додели наградите во следните области:

- во областа на спортот, наградата ја доби КМФ Железарец, шампион во футсал на РМ, победник на Купот на РМ и учесник на предквалификационите натпревари во Лигата на шампионите.
- во областа на образованието и воспитанието, наградата ја доби Билјана Лотеска, воспитувач во градинката Детска радост, за исклучителна активност во голем број на активности и проекти кои се спроведуваат во градинката и надвор од неа.
- во областа на хуманост и солидарност, наградата ја доби Сретко Цимевски, командир на чета во бригадата на противпожарна заштита на град Скопје, за учество во сите акции на гаснење на пожари на територијата на општина Гази Баба, за неговата пожртвованост, одговорност и хуманост.

Градоначалникот Тони Трај-

# лави својот 36-ти роденден













ковски ги додели наградите во следните области:

- во областа на аграрот наградата ја доби ЗЗ Каварџик од н.м. Стајковци за исклучителна ангажираност во областа на одгледувањето на квалитетни македонски производи и одличната внатрешна организираност, во чии рамки се повеќе се вклучуваат млади луѓе од општината.
- за успешна соработка на стопанските субјекти со општината, наградата ја доби Арцелор Миттал кој донираше лим за покрив на повеќе основни училишта.
- во областа на невладиниот сектор, наградата ја доби НВО Младиинфо, која веќе 9 години успешно работи на подобро информирање на младите и подигање на свеста на општеството за прашањата и проблемите кои се однесуваат на младите
- наградата за животно дело ја доби Живко Дуковски, прв македонски боксер кој се закитил со медал од државно поединечно првенство на поранешна Југославија. Во текот на кариерата неколку пати бил шампион на нашата држава, а потоа своите способности и квалитети ги покажал како тренер и



одличен организатор. Тој го има формирано боксерскиот клуб Скопје, низ кој поминале многу шампиони, поточно таму се раѓале шампионите.
- специјалната награда за афирмација на општината Гази Баба, на градот Скопје и на Република Македонија ја доби ракометниот клуб Металург, нашиот спортски амбасадор.

По доделувањето на наградите, беше прикажан краткиот филм за активностите на општината во изминатиот период.

Во музичкиот дел настапија групата Синтезис и Пламенка Трајковска квартет, кои со своите изведби ги одушевија присутните гости.





# Детска претстава за Денот на општината

Во рамките на одбележувањето на Денот на општината, Театарот Чекори подготви детска претстава "Крадци на времето" од Лев Устинов, кој ги развесели најмладите посетители.

Премиерата се одржа во Културниот Дом "Димитар Влахов" во Автокоманда, а во текот на следните месеци за сите оние кои немаа можност да ја погледаат, ќе следат репризи на претставата.





# *Доделени наградите за најуспешни бизнис планови*

Градоначалникот Тони Трајковски ги додели наградите на најуспешните учесници во натпреварот во бизнис план.

Од вкупно 45 млади лица кои ги посетуваа обуките, најдобрите три учесници добија бесплатно користење на комплетно опремени канцеларии во период од 6 месеци, стручни совети од тимовите на YES Инкубаторот и помош во текот на нивниот престој и работење.

Во изминатиот период ПСМ Фондацијата организираше бесплатни обуки, кои ги посетија 32 млади луѓе, кои сакаа да започнат свој сопствен бизнис.

На обуките учесниците со помош на искусни предавачи ги учеа основите за водење бизнис, како што се изработка на бизнис план, сметководство, комуникации, маркетинг, продажба, организација, финансии и друго.




Во текот на месец септември се организира уште една обука, после која од доставените бизнис планови се избраа три најдобри, кои добија финансиска подршка од општината за реализирање на истиот, регистрација на компанијата, платен канцелариски простор за време од



шест месеци, како и консултантски часови кои би им помогнале во почетокот на реализирањето на бизнисот.

Доколку се покаже овој проект успешен, општина Гази Баба и во следниот период ќе направи напори за финансирање и подршка на млади лица, кои сакаат да започнат свој сопствен бизнис.





# 28-ми квиз по противпожарна заштита во Гази Баба

Општинскиот Сојуз за противпожарна заштита, под покровителство на општина Гази Баба по 28 -ми пат, го организираа квизот по противпожарна заштита за основните и средните училишта од подрачјето на општина Гази Баба.

Квизот се одржа во ОУ Његош. Присутните гости и екипите ги поздравија градоначалникот Тони Трајковски и претседателот на општинскиот Противпожарен сојуз Миливоје Игњатовиќ. Натпреварите се одиваа во две категории, кадети - за учениците до седмо одделение од основните училишта и јуниори - за учениците од осмо одделение и учениците од средните училишта. Првопласираните екипи добија пехари и медали а сите учесници и основни училишта добија благодарници.

По завршувањето на натпреварувањето, награди освоија:

**- КАДЕТИ:**
1. ОУ Глигор Прличев
2. ОУ Крум Тошев
3. ОУ Дане Крапчев

**- ЈУНИОРИ:**
1. СУГС Панче Арсовски
2. ОУ Наум Охридкси
3. СУГС 8-ми септември



















# *Бесплатни курсеви по англиски јазик и информатика*

Во тек се бесплатните курсеви по англиски јазик и информатика, организирани од општина Гази Баба за граѓаните од нејзиното подрачје. Курсевите траат два месеци, за кое време ќе се одржат по 20 часови од двата предмети, и тоа во основните училишта:

- ОУ Стив Наумов, Автокоманда (понеделник од 17 часот)
- ОУ Крум Тошев, Трубарево (четврток од 17 часот)
- ОУ Дане Крапчев, Ченто (петок од 17 часот)

Околу 90 граѓани од општината се пријавија на конкурсот, кои по завршувањето ќе добијат сертификати за завршен почетен курс по англиски, а потврди за завршен почетен курс по информатика.



## Крводарителна акција по повод Денот на општината

По повод Денот на општината 3 - ти ноември, во урбаната заедница Автокоманда, урбана заедница Маџари и месна заедница Стајковци, се одржа краводарителна акција.



Заедничката активност на општината, организацијата на Црвениот крст Гази Баба и Институтот за трансфузиона медицина, резултираше со добар одзив на граѓаните, при што се собраа 61 единица на крв.



Градоначалникот Тони Трајковски го посети пунктот во Автокоманда, поразговара со дарителите на крв и медицинските екипи и ја истакна важноста од организирање на вакви акции, бидејќи секоја капка крв е драгоцена и може да спаси нечиј живот.





# Промоција на џебната "Енциклопедија на македонски револуционери"

Во Музејот на македонската борба беше промовирана џебната "Енциклопедија на македонски револуционери" од М-р Славчо Ковилоски.

Градоначалникот Тони Трајковски и претставници од општина Гази Баба беа присутни на настанот, како финансиски поддржувачи на печатењето на џебната енциклопедија.

Во ова џебно издание се претставени личности кои учествувале во македонската револуционерна организација од 1893 година, како и учесници во Илинденското востание и периодот на Балканските војни во 1912/1913 година.

Џебната енциклопедија е скратена верзија од минатогодишното издание на авторот "Македонија-кратка енциклопедија на револуционери" во која се опфатени и околу 50 жени револуционери. На промоцијата рецезент на книгата на промоцијата беше Наташа Котлар-Трајкова, која ја нагласи важноста на историските личности и настани кои не поврзуваат со нашето општествено постоење како македонци и пораката дека треба постојано да се потсетуваме на македонската историја.





# *Промоција на монографијата „Македонија и балканските земји“*

По повод Денот на општината 3 - ти ноември, како дел од Програмата "Денови на општина Гази Баба" во Хотел Континентал се одржа промоција на монографијата "Македонија и балканските војни," чиј автор е М-р Славчо Ковилоски, а издавањето на монографијата ја финансираше општина Гази Баба.



На промоцијата градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните, а потоа збор имаше промоторот на книгата Здравко Стојкоски, по кој се обрати и авторот М-р Славчо Ковилоски.

Пред многубројните посетители, беше проектиран и документарен филм, подготвен врз основа на монографијата.

Сите посетителите имаа можност да добијат книга со потпис од авторот.



# Гази Баба активно го одбележа Денот на дрвото

Општина Гази Баба и оваа година активно се вклучи во традиционалната акција "Ден на дрвото", која оваа година се одвиваше под мотото "Спортски е да се сади", засадувајќи дрвца за поубава и поздрава иднина на Македонија.

На локацијата во парк шумата Гази Баба, градоначалникот Тони Трајковски со дел од општинската администрација засадија дрвца на местото кое ова лето беше опожарено. На оваа локација присутни беа и дел од администрацијата на град Скопје, ЈП Паркови и зеленило, ученици од ОУ Григор Прличев и од неколку средни училишта, како и студенти од Природно математичкиот факултет и жители на урбаните заедници Железара и Автокоманда.

На оваа локација се засадија 3000 дрвца.

Градоначалникот со општинската администрација исто така засадија дрвца и во Мршевци.





# *Градоначалникот и фудбалери од ФК Вардар во посета на СОС Детско село*

По повод светскиот ден на детето, градоначалникот Тони Трајковски го посети СОС Детското село, каде со неколку фудбалери од Фудбалскиот клуб Вардар се дружеа со децата кои престојуваат во селото.

Децата за гостите приредија кратка програма, по што градоначалникот и фудбалерите им раскажаа за своите почетоци во спортувањето и за згодите и незгодите во текот на кариерата. Децата од Детското село имаа многу прашања кои им ги поставија на гостите на кои добија одговори, а потоа им подарија слики кои самите ги нацртале.



# Посета на градинката 25 Мај и Советодавниот центар




## Да уживаме во убавините на Гази Баба

По повод детската недела децата од градинката "Детска радост" ја реализираа активноста "Да уживаме во убавините на Гази Баба".



Активноста се спроведе на падините на парк шумата Гази Баба која што беше проследена со пренесување на пораки од самите деца:

- Наша желба е секое дете да сонува , бидејќи сонот е патот до звездите;
- Секое дете да се смее, бидејќи тоа е музика за душата;



- Да се најде време за љубовта, бидејќи љубовта е пат кон среката.

Пораките беа упатени до возрасните за почитување на нивната личност, нивните права, за весело, среќно и безгрижно детство.



По повод Детската недела Градоначалникот Тони Трајковски и министерот без ресор Неждет Мустафа ја посетија Градинката "25 Мај", поточно објектот Искра каде успешно се реализира проектот "Инклузија на деца роми во детските градинки".

Оваа учебна година интегрирани се вкупно 25 деца од ромска националност, од кои 7 финансирани од општина Гази Баба.

Детската недела во целиот свет традиционално е проследена со низа активности посветени на најмладите жители на планетата, со цел да се привлече вниманието на децата и на младите, како рамноправни членови на секое општество.

Градоначалникот и министерот го посетија и Советодавниот центар за родители и деца, кој дава поддршка на семејствата од висок социјален ризик за полесно справување со потешкотиите со кои се соочува семејството во целина.









# *Театарска претстава и есенски базар по повод испраќање на есента во градинката „25 Мај“*



По повод заминувањето на есента во градинката 25 Мај во објектите "Сонце " и "Синоличка" се организираше есенски панаѓур на кој земаа учество родители и деца со свои изработки.

Во сите објекти вработените за децата како дел од есенските активности, подготвија куклена претстава "Волшебна есенска случка".



# Тиквијада



28 Ноември е ден на тиквата, месец ноември е посветен на највкусниот и најеколошкиот плод тиквата.

Градинката Детска Радост организира Тиквијада, многу забава, многу креативност и најмногу интересни нешта изработки од тиква.

Во сите четири објекти на градинката: Мимоза, Темјанушка, Сончоглед и Калинка родителите носат рецепти од Тиква, подготвуваат храна до Тиква ( тикварник, колачи, печена тиква и сл.) учествуваат на креативни работилници каде изработуваат предмети во вид на тиква од хартија, картон, пластелин, глина, тесто и сл.

Градоначалникот во улога на родител присуствуваше на овие креативни работилници и со своите деца изработи убави детали од тиква.

Подготвената храна, производи и изработки од тиква децата ги продаваат по симболични цени, а средствата се наменети за набавка на играчки.





## Хуманитарна акција „Прегратка на дар“

Во објектот Калинка во состав на градинката "Детска радост", се одржа хуманитарна акција "Прегратка на дар" со изработка на играчки за своите врсници во детските болници.

Воедно, дечињата кои одат во градинка имаа можност да научат да бидат солидарни, да помагаат на своите другарчиња и да разберат колку е важно пријателството, посветувањето внимание на болните лица, сочувството со оние на кои им е потребна поддршка, да бидат сакани, срекни и безгрижни.

Децата со помош на нивните воспитувачки и родители рачно изработија играчки за своите врсници.

Целта на акцијата е децата да можат да се прегрнат и во нивната прегратка да се чувствуваат сигурни, како во топлите прегратки на нивните родители.





## Проект "Уметноста за Скопје"

Во објектот "Мимоза" во состав на Јавната Установа на деца "Детска радост " во Општина Гази Баба, се одржа презентација на проектот "Уметноста за Скопје".

Со активностите од Проектот "Уметноста за Скопје" децата од големите групи посетија повеќе музеи, разговараа со кустоси, ликовни уметници и хроничари кои пишувале за Скопје.

Целта на овој проект е запознавање на децата со убавините на градот Скопје низ вековите, преку уметноста, слики и пишувани записи.

## Игри без граници

Децата од големата група од објектот "Мимоза" во состав на Јавната Установа за деца "Детска радост" по повод детската недела гостуваа во градинката "Анѓел Шајче "во Куманово.



На спортско - рекреативните игри тие другаруваа, спортуваа и се забавуваа со своите врсници од предучилишните установи од Куманово, Скопје, Пехчево, Штип, Крива Паланка и Берово.

Активности кои беа изведени на игрите без граници:

- шут во кош/кутија;
- садење и собирање компири;
- брзи топки;
- брзи зајачиња;
- таен канал ;
- музичко столче и
- влечење јаже.



## Готвиме, твориме, за здрава храна говориме

Во Основното училиште "Наум Наумовски Борче" учениците од петто одделение, предводени од наставничката Величковска Снежана, подготвија активности за правилна




исхрана неопходна за здраво растење.

Храната е нужна за сите



живи суштества, а најповеќе за децата. Со неа ги добиваме сите потребни состојки, создаваме енергија која ни овозможува правилно растење, учење, спортување. Затоа е мошне важно сите да се храниме правилно и редовно.

Знаејќи го ова, учениците имаа подготвено многу рецепти од здрави состојки, нагласувајќи ги придобивките од редовното конзумирање на зеленчукот и овошјето.









# Кампања за заштеда на електрична енергија

Учениците и наставниците од училиштето "Дане Крапчев'' по втор пат ја спроведоа кампањата "Заштеда на електрична енергија''.

Кампањата се спроведуваше со цел подигнување на свеста за рационално користење на електричната енергија во училишната зграда, како и поттикнување на населението за одговорно користење на електричната енергија во домовите и работните места. Кампањата е спроведена во 17 училници каде обичните светилки се заменети со штедливи.

Како дел од кампањата во наставата, учениците изработуваа пораки, флаери и упатства и истите ги истакнуваа во холот на училиштето.

Во рамките на кампањата, на 14 Декември го одбележаа Меѓународниот ден за заштеда на електрична енергија. Во училишниот хол, учениците од VIII одд. ја презентираа проектната активност "Заштеда на електрична енергија'', а учениците од одделенската настава изработија упатства за заштеда на електрична енергија во грејна сезона и истите ги поделија на минувачите во локалната средина.

# *Проект на Музејот на македонската борба за државност и самостојност*

Основното училиште "Крсте Мисирков" се вклучи во проектот на Музејот на македонската борба за државност и самостојност " Музејот пријател на децата " со членови од историската и ликовната секција. Во овој проект, кој се одвиваше во просториите на музејот во кој учествуваа сите училишта од градот Скопје, учениците преку ликовна работилница го сликаа она што им оставило најголем впечаток од музејската поставка . Сите ученици тој ден добија благодарници за учество во проектот.



На крајот од проектот комисија составена од стручни соработници на музејот на свечена манифестација одржана во просториите на музејот ги прогласи трите најуспешни цртежи (без рангирање) и неколку пофалени цртежи. Цртежот на ученичката Ана Георгиева од ОУ Крсте Мисирков од 7 одд. беше награден како еден од трите најуспешни цртежи во проектот, а цртежите на Давид Стрезовски и Марија Дивљаковска добија пофалници.

Исто така менторите Благица Атанасова и Никола Попадиновски добија благодарница за учество во проектот.



# Со дождовница до заштеда на питката вода

Учениците од ОУ "Дане Крапчев" постигнаа уште една од поставените цели од Еко програмата "Обезбедување техничка вода за полевање на цвеќињата и зеленилото во училиштето".

Дождот дава одлична можност двата поставени базени за собирање на дождовница да се наполнат. Учениците ја искористија можноста и уште на првиот час со дождовницата од базените ги полеваа цвеќињата во холот и во училниците. Со полевање на цвеќињата од дождовницата, училиштето ќе ја намали потрошувачката на вода, ќе се заштеди питката вода, а цвеќињата и училиштето ќе имаат поубав изглед.

# *Промоција на Стратегија за спречување на насилство во училиштата*

Во О.У. "Наум Наумовски-Борче, градоначалникот Тони Трајковски, министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, министерот за образование и наука, Панче Кралев и претставникот на Канцеларијата на УНИЦЕФ за Македонија, Шелдон Јет, присуствуваа на промоцијата на Стратегијата за спречување на насилство во училиштата 2012-2015.

Стратегијата за намалување на насилството во училиштата има цел да овозможи услови за спречување на секој вид насилство развивајќи пријатна и стимулативна училишна клима во училиштата, со вклученост и соработка на сите клучни чинители во воспитно-образовниот процес од централно, локално и училишно ниво.

Со имплементација на Стратегијата учениците и родителите ќе бидат вклучени во креирањето на училишните програми за намалување на насилството, со што ќе учествуваат во креирањето на услови за остварување на основните права на детето, напредување и остварување на подобри училишни резултати, услови за остварување на сопствените потенцијали, подобрување на социјалните и граѓанските вештини кои се однесуваат на личните, интерперсоналните и интеркултурните вештини кои овозможуваат индивидуите да учествуваат на ефективен и конструктивен начин во социјалниот и општествениот живот во заедницата.



Составен дел на Стратегијата е Протокол за безбедност и постапување со ученици во случаи на насилство. Протоколот дава насоки за воспоставување безбедност и ги прецизира постапките во училиштето во случаи на насилство. Протоколот исто така предвидува мерки за превенција и интервенција во случаи на насилство.



## Учеството на учениците од ОУ "Крсте Мисирков" на литературниот и ликовен конкурс на тема "Ликот и делото на Св. Климент Охридски" во организација на Градска библиотека "Браќа Миладиновци"

По повод 8 декември - Денот на македонскиот просветител св. Климент Охридски беше распишан конкурс со тема "Ликот и делото на Св. Климент Охридски" на кој учество земаа ученици од основните училишта од градот. Учениците твореа ликовни, поетски и прозни творби на зададената тема.

Во овие активности беа вклучени повеќе ученици од училиштето "Крсте Мисирков", а најуспешни од успешните беа:

Вања Милчевска од 7 одд. која ја доби Гран при-наградата за најуспешна поетска литературна творба, под менторство на наставничката Мирјана Малјановска.

Првото место и припадна на ученичката Невена Ацевска, а второто место на Јана Момировска чиј ментор беше Мирјана Малјановска.

На ликовниот конкурс наградени беа: Елеонора Митревска - второ место, а третото место го понесоа Марко Милчевски и Марија Тодосова, чиј ментор беше наставникот Никола Наневски.

На свечената церемонија беа прогласени победниците и им беа поделени дипломи и пригодни награди на овие малади креативци, со што секако ќе се зголеми нивната мотивација за понатамошно учество на натпревари од ваков вид.

Во просториите на библиотеката "Браќа Миладиновци" - Скопје се одржа свечена церемонија за прогласување на победниците и доделување на наградите.

# Посета на студентите од Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет



Во општина Гази Баба се одржа презентација за Социјалната заштита на локално ниво.

Присутни беа 60 студенти од Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет, кои на барање на проф.др. Сунчица Димитриевска (професор по социјална заштита на РМ) и асс.м-р.Владимир Илиевски ја посетија општина Гази Баба, како една од најактивните општини кои водат грижа за социјалната заштита, здравствена заштита и заштита на децата.

Покрај општите запознавања со надлежностите на општината, согласно Законот за локална самоуправа, Законите за детска и социјална заштита, имаше и кратко објаснување за социјалните институциите и здруженија кои се наоѓаат на територијата на општина Гази Баба и соработката со нив.

Презентирана беше и Програма за социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, објаснување за секоја активност поединечно, како и Правилникот за доделување на еднократна парична помош од буџетот на општината, доделувањето на пакети со храна, хигиенски производи и дрва за огрев на семејства од висок социјална ризик.

Студентите беа презадоволни што имаа можност да се запознаат со социјалното делување на локално ниво.




## Едукативна работилница за проектот "Вистинска помош и подршка за живот ослободен од насилство"

Во организација на Општината Гази Баба и Кризниот центар "Надеж" се одржа првата едукативна работилница. Целите на оваа едукативна работилница во рамките на проектот "Вистинска помош и подршка за живот ослободен од насилство" е да се подигне свеста на маладите жени и мајки, да се индентификуваат себе си, своите вредносни ставови и судови. Да можат да ги согледаат начините на насилството и проблемите кои настануваaат како последица. На оваа едукативна работилница се користеа и многу различни едукативни и технички средства, како и презентација на документарен филм, сведоштва и лични искуства на жртви на насилство како и одлуките кои се донесени од Европскиот суд за човекови права.




## *Интернационален Ден на волонтерството*

По повод интернационалниот ден на волонтерството 5-ти декември, вработени и волонтери од Арцелор Миттал во присуство на претставници од општина Гази Баба, во пунктот на Народна кујна во кино Маџари донираа пакети со хигиенски производи на семејствата кои земаат оброк во Народните кујни во општина Гази Баба. Во моментот во општината има два пункта на Народна кујна, во објектот на Кино Маџари и Хангар Ченто, каде семејствата кои се евидентирани во Центарот за социјални работи како активни корисници на социјална парична помош и постојана парична помош, во работните денови земаат топол оброк, а за викендите конзервирани производи.

Се надеваме дека ваквите донации ќе побудат интерес и кај останатите претставници од Бизнис секторот да одвојат дел од својот буџет за социјално ранливите групи во општината.

# Ревијата на народни носии, народни инструменти и песни

Во манастирскиот комплекс на Црквата Св. Спас во Црешево, се одржа манифестацијата "Ревија на народни носии, народни инструменти и песни", која како единствено културно случување од ваков







вид во Република Македонија, излегува од рамките на посетеност само на жителите од општина Гази Баба.

Големиот број на посетители имаа можност да се воодушевуваат од спојот на прекрасниот колорит на македонската народна носија, звуците на народните изворни инструменти, на прекрасните гласови на нашите македонски песнопојци и на орото, она кое како традиција се пренесува од колено на колено од нашите претци на младите генерации, како и на народните умотворби.

На сцената продефилираа машки и женски модели кои носеа носии од повеќе краеви на Република Македонија.

Оркестарот на изворни инструменти, Градскиот фолклорен ансамбл "Овчеполец" од Свети Николе, народниот уметник тетка Цвета од Раштак, Блага Петревска, Мишко Крстевски, Аце Трифуновски, Ангеле Димовски, Сашо Митев, се погрижија публиката да ги слушне старите изворни песни, отсвирени на изворни





инструменти, а играорците со нивните изведби да не вратат во минатото, кога орото го отсликувало начинот на живеење, радоста, тагата и маката на македонскиот народ. Орото "Тешкото", звуците на тапанот и зурлата, ја крена публиката на нозе, која долго аплаудираше по настапот на играорците.

На крајот актерите Владо Дојчиновски и Дубравка Киселичка изведоа драматизација на умотворби од македонското народно творештво, собрано во делата на Марко Цепенков.

Медиумски покровител беше Македонската радио и телевизија, која ја снимаше оваа Манифестација и ја емитуваше во рамките на својата програмска шема.



# *Концерт на народни песни во Булачани*

Во рамките на Културно лето Гази Баба 2012, се одржа концерт на народни песни во населеното место Булачани. На концертот пред голем број на жители од Булачани и од општина Гази Баба се претставија повеќе естрадни уметници, кои со својата изведба направија завршницата на Културното лето Гази Баба да има посебна убавина.

На концертот настапија Мишко Крстевски, Блага Петреска, Душко Георгиевски, Ивана Георгиевска, Сашо Митев, Аце Трифуновски, Роберт Ангеловски, играорците од Центарот за едукација на македонскиот фолклор Митеви, како и актерите Владо Дојчиновски и Дубравка Киселичка, кои изведоа драматизација на стари македонски умотворби, собрани во делата на Марко Цепенков.

Со овој концерт и официјално се затвори Културното лето Гази Баба 2012.








Претседател на Совет
Милан АНДОНОВСКИ
ВМРО-ДПМНЕ


Ацо Петрушев
ВМРО-ДПМНЕ


Кираца Тутевска
ВМРО-ДПМНЕ


М-р Бобан Стефковски
ВМРО-ДПМНЕ


Александар Каровски
ВМРО-ДПМНЕ


М-р Аница Пупиноска
СПМ


Зоран Костовски
ВМРО-ДПМНЕ

# ЧЛЕН
# НА ОП


Јорданчо Тодосиев
ДС


Суза Николовска
ВМРО-ДПМНЕ


Дејан Тимовски
ВМРО-ДПМНЕ


Марјан Крстевски
ВМРО-ДПМНЕ


Јадранка Антевска
ВМРО-ДПМНЕ


Кирил Псалтиров
ВМРО-ДПМНЕ


Николај Чифутов
ВМРО-ДПМНЕ


Ѓулсефа Куртеши
СРМ


Борис Георгиевски
СДСМ


Катерина Силјановска
СДСМ


Зоран Каранџуловски
СДСМ


Марјан Јаневски
СДСМ

# ОВИ НА СОВЕТОТ
# ШТИНА ГАЗИ БАБА


Соња Глинчарска
СДСМ


Бобан Добревски
СДСМ


Зоран Јовевски
ВМРО-НП


Соња Каранџуловска
ВМРО-НП


Сашо Начовски
ВМРО-НП


Бурхан Садики
ДУИ


Мифтар Кадри
ДУИ


Горан Стојменовиќ
ТМОРО-ВЕП

# Училишни спортски лиги



**В**о спортската сала М.А. Ченто, во организација на општина Гази Баба и Сојузот за училишен спорт Гази Баба, на крајот на месец октомври започнаа училишните спортски лиги, кои ги отвори градоначалникот Тони Трајковски.

Во рамките на училишните лиги се вклучени спортовите мал фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг понг и атлетика.

Во лигите кои ќе траат за време на целата учебна година и во сите спортски дисциплини, учествуваат над 600 ученици од сите училишта од подрачјето на општината.









# Се одржа Трката за мир, соживот и толеранција

На кејот на реката Вардар по петти пат се одржа Трката за мир, соживот и толеранција, на која учествуваа 500 ученици од 7 и 8 одделение од основните училишта од општините Гази Баба и Петровец.



Во рамките на оваа традиционална трка, се одржа и трка со ролери, како и ВИП трка во која учествуваа градоначалникот на општина Петровец, наставниците, директорите на основните училишта и гостите.

Присутните ученици и гости ги поздравија градоначалникот на општина Петровец, Борче Митевски и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски.

# *Децата од Гази Баба другаруваа и се забавуваа низ спортски игри*

Во рамките на проектот Среќна Заедница - Гази Баба 2012, на фудбалскиот стадион во н.м. Смилковци, се одржа детски спортски настан.

Во организација на општи-



на Гази Баба, Отворените Забавни Фудбалски Школи, во соработка со Американската Амбасада во Република Македонија, повеќе од 150 деца од повеќе основните училишта од општината, три часа другаруваа и се забавуваа низ спортски игри.

На стадионот беа присутни градоначалникот Тони Трајковски, претставници од Американската Амбасада и од Отворените Забавни Фудбалски Школи, родители, наставници и жители од општината.









Плоштад Автокоманда



## Телефони на Јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" бб, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| **Факс** | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** **mediumi@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Број за СМС комуникација на општина Гази Баба** | **070/254-772** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-4-22-22** |

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска
redakcija@gazibaba.gov.mk

**Ликовно-графички и технички уредник:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:** +389 (0)2/ 3 22 66 55;